**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27. 10. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5233 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Мониторингот на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Алфа во петтиот извештаен период (од 12 до 21 октомври 2016 година), опфаќа десет изданија на Вестите од 17:30 часот.

Вкупната должина на анализираниот примерок од прилозите во вестите изнесува 4 часа 34 минути и 18 секунди, од кои мноштвото – 4 часа 16 минути и 22 секунди се состои од извештаи, изјави, вести, односно од информативни жанрови (Табела 1), додека 17 минути и 56 секунди се осврти и коментари. И натаму се емитуваат новости од внатрешноста на државата Битола, кочанско, Охрид, Тетово, Новаци, пелагониско.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:04:47 | 1,87 % |
| СДСМ | 00:20:24 | 7,96 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:31:34 | 12,31 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:16:29 | 6,43 % |
| Други субјекти | 00:36:31 | 14,24 % |
| Влада на РМ | 00:47:48 | 18,65 % |
| Судство | 00:06:56 | 2,70 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:25 | 1,33 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:43 | 1,84 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:29:18 | 11,43 % |
| Локална самоуправа | 00:06:38 | 2,59 % |
| Без субјекти | 00:24:57 | 9,73 % |
| Граѓански сектор | 00:06:28 | 2,52 % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:08 | 1,61 % |
| Демократски сојуз | 00:00:41 | 0,27 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:43 | 0,67 % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:28 | 0,18 % |
| АРМ | 00:02:24 | 0,94 % |
| Претседател на РМ | 00:00:31 | 0,20 % |
| ДИК и други органи | 00:03:59 | 1,55 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:47 | 0,31 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:43 | 0,67 % |
| | **Вкупно: 04:16:22** | **100 %** |

Владата е најзастапена, со информации од редовните активности, како и со прилози во кои нејзините проекти и резултати од политики се ставени во позитивен контекст, какви што се, на пример: на 13 октомври „Доделени грантови од 10.000 евра за 6 приватни градинки“ (2 минути и 36 секунди), „Заокружен проектот за превод на 1.000 стручни и научни книги и учебници“ (1 минута и 25 секунди); на 14 октомври „Нова инвестиција: Холандски „Инофрут“ го презема „Агролозар“ од Богданци“ (2 минути и 15 секунди), „Ниски даноци за инвестиции и подобар бизнис“ (1 минута и 19 секунди), „Македонија ќе се поврзе со грчката национална гасоводна мрежа“ (2 минути и 3 секунди) и „Ристовски: Измените на Законот за иновациската дејност значајни за фондот за иновации“ (1 минута и 6 секунди); на 17 октомври „Анкета: Странските инвеститори задоволни од бизнис климата“ (2 минути и 29 секунди), „Студентските домови ќе добијат нов мебел по нова година“ (2 минути и 7 секунди); на 18 октомври „Инсталиран видео-гастроскоп во Поликлиниката Чаир – прв на ниво на здравствен дом“ (2 минути и 6 секунди), „Рекордни 22 милиони евра за реконструкција на регионални патишта“ (42 секунди); на 20 октомври „Изградени 12 километри од патот Делчево – Голак инвестиција вредна 1,3 милиони евра“ (1 минута); на 21 октомври „Заврши конзервацијата на фрескоживописот на црквата на Св. Петка во Побожје“ (2 минути и 12 секунди).

Втори по застапеност се различните извори на информативните содржини категоризирани како „*други субјекти*": Фудбалска репрезентација У-21, ФФМ, компаниите Костал, СТС Текстајл и ЦераМетал, МОБ, Музеј на македонската борба, Поликлиника Медика Истанбул, Холандската компанија Инофрут, компанија ДЕФТА, Регулаторна комисија, Стопанска комора на Македонија, Саем „Технома", адвокати, KPMG (глобална мрежа на професионални фирми кои нудат ревизија, даночни и советодавни информации), НБРМ, ССК, Асоцијација за поддршка на медијацијата, Факултет за електротехника и ИТ, ЕВН, Алкалоид, поранешен министер за транспорт и врски, Macedonia 2025, Градежен институт ГИМ, Национален совет на Македонци во Србија, ЗК Пелагонија итн.

ВМРО ДПМНЕ е трета по застапеност со извештаите за „Викендот на отчетност", потоа следуваат амбасадорите, странските политичари и меѓународните институции и организации, кога нивните активности се однесуваат на Македонија. Потоа се граѓаните (кои методолошки се категоризираат како „*без субјекти*", па СДСМ и органите на државната управа, односно јавните претпријатија.

Освен за ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, присутни се информации и за ДУИ, ДПА, ГРОМ, Демократски сојуз, и независни пратенички.

Најмногу тонски изјави во вестите имале претставниците на Владата, на ВМРО ДПМНЕ, па на СДСМ.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:12:47 | 13,95 | % |
| Други субјекти | 00:09:54 | 10,81 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:14:00 | 15,28 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:39 | 8,35 | % |
| Влада на РМ | 00:23:59 | 26,18 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:09 | 3,44 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:31 | 7,11 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:38 | 0,69 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:18 | 0,33 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:45 | 1,91 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:55 | 3,18 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:47 | 3,04 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:15 | 1,36 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:12 | 1,31 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:36 | 0,65 | % |
| Судство | 00:01:09 | 1,26 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:03 | 1,15 | % |
| | **Вкупно: 01:31:37** | **100** | **%** |

Во овој десетдневен извештаен период, ТВ Алфа емитуваше неколку осврти и коментари.

На 12 октомври се емитуваше освртот „За само три дена инвестиции со над 2.600 нови работни места" (3 минути и 6 секунди) со изјави од претставници на странските инвеститори и податоци од НБРМ.

На 13 октомври, во коментарот „Разочарани членови на СДСМ – пак ли се обидувате да одложите избори?" (2 минути и 36 секунди) има негативен тон за СДСМ, со оценки кои се лоцираат кај членови на опозицијата и аналитичари, но без неопходната фактографска поддршка. Имено, најавата за прилогот гласи: „Наместо проекти и програма, СДСМ со предвидливи потези се обидува повторно да ги одложи изборите. Ова се коментарите на дел од членовите на опозицијата, кои веќе јавно, преку социјалните мрежи, покажуваат разочарување од раководството на партијата", а во прилогот се наведува дека „.... дел од

поддржувачите на партијата, незадоволството од реализираното досега, го изразуваа и на социјалните мрежи". Меѓутоа, во текот на целиот прилог, ниту е цитиран, ниту е покажан статус од социјалните мрежи на кој било член или поддржувач на СДСМ или на некоја друга опозициска партија. Почетната теза на прилогот гласи: „Негативната кампања која ја водат социјалдемократите наспроти проектите и мерките кои ги презентира ВМРО ДПМНЕ во корист на граѓаните, ја даваат моменталната слика за состојбата на политичката сцена, велат познавачите. Аналитичарите се согласни дека немањето конкретна програма, со реални решенија на проблемите, скапо ги чини социјалдемократите", а притоа не се идентификува кои се познавачите на кои се повикува Телевизијата. Единствениот став на субјект кој би влегол во категоријата познавач/аналитичар/експерт е реприрзираната изјава на политичкиот аналитичар Петар Арсовски, оригинално дадена на 3 октомври за прилог кој се однесува на резултатите од анкетата на Институтот Павел Шатев. Таа гласи: „Досега ситуацијата во јавното мислење беше доста статична и очекувам таа да се динамизира до изборите, бидејќи очекувам дека ќе има повеќе предмети од СЈО и дека доближувањето на изборите ќе го разбранува малку јавното мислење. Во оваа ситуација мислам дека не треба да се очекуваат драстични, драматични промени по 11 декември, но мислам дека вистинскиот период на расчистување на македонската политичка сцена следи после тоа". Нејзината содржина не е основа за претходното тврдење, ниту за тврдењето дека аналитичарите „...велат, иако ВМРО нема да има комотно мнозинство по изборите, тоа не значи и победа на СДСМ". Во коментарот, Телевизијата се повикува на анкети (множина) спроведувани од реномирани агенции, а визуелно потсетува единствено на резултатите од анкетата на Институтот Павел Шатев. На крајот се пренесува единствениот статус објавен на социјална мрежа, прикажан во целиот прилог – ставот на ГДОМ со поддршка за што поскори избори кои се „...единствениот начин и неопходност за излез од политичката криза и ќе бидат одговор до сите оние кои работеле против сопствениот народ и сопствената држава". Следниот дел од цитатот: „Ќе бидат одговор против сите оние кои ги поткопуваат националните интереси, работат против својата држава и се спремни да го разјадат националното ткиво – само за да дојдат на власт. СДСМ и СОРОС треба да бидат казнети и ќе ја добијат казната од народот", е илустриран со сцени од протестот, организиран на 11 октомври 2016 година, од страна на СДСМ и граѓански активисти, на кои се прикажуваат врзани едно со друго македонско и албанско знаме, како и Зоран Заев и Зоран Верушевски во првите редови.

На 18 октомври има осврт „Мерење на силите: Изборите се распишаа, партиите почнаа со политичката кампања" (3 минути и 30 секунди) во кој се апсолвираат активностите што ВМРО ДПМНЕ и СДСМ ги презедоа досега, иако, како што се наведува, кампањата сѐ уште не е започната.

На 19 октомври, по куса информација дека јавноста шпекулира кои ќе бидат новите случаи што СЈО ги најавило за наредниот ден, како и дека „дел од медиумите попладнево јавуваат и дека специјалната обвинителка Катица Јанева била во просториите на Управата за безбедност и контраразузнавање во врска со предистражна постапка поврзана со случајот на незаконско прислушување. Сепак, доминантно медиумите денеска се занимаваат со процесот на натамошно вдомување на партиски кадри од опозицијата во оваа институција. Објавуваат нов случај", се емитува коментаторкиот извештај „СЈО вдомува нови опозициски кадри!?" (2 минути и 17 секунди). Прилогот се однесува за (во тој момент) неофицијалните информации дека е вработен Бобан Трајковски - Боки Бургија, близок до опозицијата, кој според медиумите претходно бил осуден за измама. Телевизијата наведува дека се обидела да добие информации, но дека потврда не дале ниту СЈО, ниту Трајковски.

На 20 октомври, се емитува коментаторскиот извештај „Непознавање на законите или ново шоу во изведба на Катица Јанева? СЈО изврши сериозен упад во безбедносниот систем на државата" (4 минути и 28 секунди), со негативен тон за Специјалното јавно обвинителство. Во најавата, меѓу другото, се вели: „Додека Јанева правеше вистинско шоу во МВР, криминалци со досиеја, повратници во Алфите преку Оливер Спасовски, ја чуваа. Останува прашањето кој беше мотивот на Јанева: Дали да поентира политички и да нанесе нов удар врз кредибилитетот на власта и институциите на системот?".

На 21 октомври се емитува „Коментар: Внуци, осуденици, партиски кадри на СДСМ – критериумите за вработување во СЈО" (2 минути и 14 секунди) во кој се преиспитува кадровската политика на СЈО од

аспект на вработувањето на внукот на обвинителката Катица Јанева, Ѓорѓи Делиџаков и на Бобан Трајковски - Боки Бургија. Се пренесува изјава на обвинителката Ленче Ристовска која го потврдува вработувањето на Трајковски. Во прилогот се наведува дека тој е блисок до опозицијата, како и дека според неименувани експерти, СЈО станува база за вработување на партиски кадри и членови на семејствата на обвинителите при што се потсетува и на Елена Јосифовска, ќерка на една од обвинителките, Владимир Миладиновски, дел од нејзиното семејство и Љупчо Чучурски, роднина на обвинителот Гаврил Бубевски.

Наредниот прилог во ова издание е коментарот „Експерт од централата на Ериксон, треба да дојде во Македонија" (1 минута), се вели дека „увидувајќи ја сопствената грешка и пропусти", СЈО побарало соодветна судска наредба, за која се вели дека „таквата наредба и практично значи признание за неупатеноста на обвинителите и истражителите на СЈО во целокупната процедура, како и потврда на аргументите кои во јавноста ги изнесоа директорите на БЈБ и УБК. Од МВР уште завчера беше укажано дека никој ниту ја блокира ниту го бојкотира работењето на СЈО, туку дека од незнаење, нивните истражители бараат работи кои се надвор од законот".

Истиот ден се емитува и освртот „Новиот клинички центар во Скопје треба да го освои Балканот" (2 минути и 55 секунди) во кој позитивно се говори за идниот клинички центар, при што се емитуваат и изјавите на проф. д-р Александар Шиколе, директор на Клиника за нефрологија и проф. д-р Бисерка Јовковска Каева, директорка на Клиника за пулмо-алергологија.

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во периодот од 12 до 21 октомври 2016 година, ТВ Алфа, емитуваше повеќе прилози за активности на власта кои имаат позитивен контекст. Поврзување на власта со политички субјект има во следниве прилози:

***Алфа Вести во 17:30 часот 12.10.2016***

17:41:37 - 17:42:40 „Учениците од средните стручни училишта ќе добијат стручни учебници" – изјава на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски во која зборува за реформи и за актуелен конкурс (објавен минатата недела), а во најавата се вели дека се работи за дел од партиската програма.

***Алфа Вести во 17:30 часот 13.10.2016***

17:39:01 - 17:41:07 „Достапни 25 милиони евра за општините за инфраструктурни објекти" – во прилогот освен за кредитната линија од Светска банка наменета за локалната самоуправа, лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски се осврнува и на актуелниот проект за бањско лекување, односно за тоа колку средства се резервирани во буџетот, а медиумот вели дека ќе продолжи и догодина „доколку по 11 декември на власт остане оваа политичка гарнитура".

***Алфа Вести во 17:30 часот 20.10.2016***

17:32:29 - 17:35:12 „Одлична вест за македонското здравство, почнува капиталниот проект за изградба на нов клинички центар" и „Банката на Советот на Европа во официјалниот гласник на ЕУ го објави тендерот за изградба на УКЦ 'Мајка Тереза" – со изјави од Никола Тодоров, министер за здравство и информација дека капиталната инвестиција прв на својот Фејсбук профил ја најавил претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски.

***Алфа Вести во 17:30 часот 21.10.2016***

17:54:27-17:56:34 „Светиниколското село Мустафино по 23 години доби водовод“ – со архивски снимки од посета на селото од страна на Зоран Тасев, градоначалник на Свети Николе и претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, односно се поврзува редовна активност на локална власт со партија.

***Сектор за програмски работи***